## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 14 став (2) од Законот за квалитет на земјоделски производи („Службен весник на Република Македонија" бр.140/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ПРОСТОРИИТЕ И ОПРЕМАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА АНАЛИЗА И СУПЕРАНАЛИЗА НА ЖИТА И ОРИЗ

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови за просториите и опремата за вршење анализа и суперанализа на жита и ориз.

### Член 2

Лабораториите кои вршат анализа и суперанализа на жита и ориз, за да бидат овластени треба да располагаат со следната опрема:

- за оценка и сортирање на квалитетот на зрното: влагомер, апарат за определување на хектолитарската маса, апарат за мерење на присуство на примеси или сито со отвори од 2,8 мм за определување на примеси и

- за одредување на количината и квалитетот на сурови протеини: апарат за одредување на содржината на протеини според Kjeldal или фаринограф, екстензограф, амилограф, печка за одредување на содржината на пепел, апарат за одредување на седиментација по Зелени (Zeleny), апарат за одредување на содржината на глутен.

### Член 3

Просториите во кои се вршат анализа и суперанализа на жита и ориз имаат:

- соодветни инсталации за греење и ладење;

- цврсти маси за поставување на опремата;

- санитарна опрема (чешма, умивалник и бојлер) и

- подна и ѕидна облога (керамички плочки, епоксиден под).

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.08-4154/4

24 април 2012 годинаМинистер,

СкопјеЉупчо Димовски, с.р.